**20190020011**

## МИНИСТЕРСТВО ЗА ТРУД И СОЦИЈАЛНА ПОЛИТИКА

Врз основа на член 131 став (6) Законот за пензиското и инвалидското осигурување („Службен весник на Република Македонија“ бр.98/12, 166/12, 15/13, 170/13, 43/14, 44/14, 97/14, 113/14, 160/14, 188/14, 20/15, 61/15, 97/15, 129/15, 147/15, 154/15, 173/15, 217/15,27/16, 120/16, 132/16, 35/18 и 220/18), министерот за труд и социјална политика, донесе

# ПРАВИЛНИК ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ НА ПРАВИЛНИКОТ ЗА ОРГАНИЗАЦИЈАТА, СОСТАВОТ И НАЧИНОТ НА РАБОТА НА КОМИСИЈАТА ЗА РЕВИЗИЈА НА НАОД, ОЦЕНА И МИСЛЕЊЕ ЗА УТВРДУВАЊЕ НА ИНВАЛИДНОСТ, ОДНОСНО НЕСПОСОБНОСТ ЗА РАБОТА

Член 1

Во Правилникот за организацијата, составот и начинот на работа на Комисијата за ревизија на наод, оцена и мислење за утврдување на инвалидност, односно неспособност за работа („Службен весник на Република Македонија“ бр. 2/13 и 13/16), во членот 3 ставовите (1) и (2) се менуваат и гласат:

„(1) Комисијата за ревизија образувана од министерот за труд и социјална политика по претходно објавен јавен повик на веб страната на Министерството за труд и социјална политика или во средствата за јавно информирање, е составена од 15 члена, истакнати медицински стручњаци, од кои шест члена се од следната специјалност: специјалист по трудова медицина, специјалист интернист и специјалист психијатар.

(2) Комисијата од став (1) на овој член, работи во состав од пет члена кои се избираат по електронски пат, од кои три члена треба да се од следната специјалност: специјалист по трудова медицина, специјалист интернист и специјалист психијатар.“

Член 2

Во член 8 во ставот (5) зборот „три“ се заменува со зборот „четири“.

Член 3

Овој правилник влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија“.

Бр. 09-12334/3
28 декември 2018 година
Скопје

Министер за труд
и социјална политика,
**Мила Царовска**, с.р.